# Програма за е-учење

# Пуштање во слободен Промет

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

До крајот на овој 60-минутен курс, Вие ќе научите:
- различните начини на кои стоката може да биде внесена во царинска територија на Европската Унија;
- концептот на пуштање во слободен промет;
- стандардната постапка за пуштање во слободен промет;
- случаи во кои стоката пуштена во слободен промет е ослободени од увозни давачки.

## 2 Слободен промет на стоките

- Странска стока која е наменета за пазарот во Европската Унија или наменета за сопствена употреба или потрошувачка во царинска територија на Европската Унија треба да биде ставена во царинска постапка пуштање во слободен промет.
- Кога царинските давачки и другите применливи давачки се платени или обезбедени со соодветна гаранција, стоката се пушта во слободен промет и добива статус на домашна стока.
- Пуштањето во слободен промет подразбира:
  - наплата на увозни давачки;
  - наплата на други давачки;
  - примена на мерки на трговска политика;
  - примена на забрани и ограничувања;
  - завршување на други формалности (како што е царинската декларација).

# 3 Стандардна постапка




- Горната шема ги прикажува последователните чекори на постапката пуштање во слободен промет.
- Внесувањето на стока и привременото складирање се предмет на посебен курс.
- Сите царински поедноставувања што се однесуваат на царинската декларација за пуштање во слободен промет, исто така, се предмет на посебен курс.
- При подготвувањето за пуштање на стоката во слободен промет, економскиот оператор го консултира ТАРИК. ТАРИК ги вклучува сите царински стапки што се применуваат во ЕУ, мерките на трговска политика и забраните и ограничувањата.
- Потоа економскиот оператор поднесува царинска декларација за пуштање во слободен промет и ја става стоката на увид на царинскиот орган. Сите придружни документи, како фактури, сертификати за потекло и увозни дозволи, треба да бидат достапни на барање на царинскиот орган.
- Царинскиот орган ќе изврши анализа на ризик и царинска контрола и одлучува дали стоката може да биде пуштена или нема да биде пуштена.
- Ако стоката може да биде пуштена, царинскиот орган ќе провери дали има квота за предметната стока и ќе го утврдува царинскиот долг. Управувањето на царински долг опфаќа утврдување на царински давачки, управување со гаранции, внесување во евиденцијата и гаснење на царинскиот долг.
- Стоката нема да биде пуштена во слободен промет се додека не се платат давачките или истите да се покријат со соодветна гаранција. Давачките покрај царинските давачки вклучуваат и ДДВ, акцизи и другите давачки како што се антидампинг давачките и земјоделските давачки.

# 4 Ослободување од увозни давачки

## 4.1 Вратена стока

- Вратена стока е странска стока, што била извезена како домашна стока од царинска територија на Европската Унија и тоа:
  - вратена во царинска територија на Европската Унија;
  - во период од три години и декларирана за пуштање во слободен промет;
  - во состојба во која била извезена;
  - дури и ако е дел од стоката што била извезена.

- Вратената стока е ослободена од увозни давачки само ако не биле искористени мерките утврдени со Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) за време на нивниот извоз.

## 4.2 Вратени стоки после увоз за внатрешна обработка

- Ако вратената стока се преработени производи кои првично биле повторно извезени од царинска територија на Европската Унија, по постапката за увоз за внатрешна обработка, одредбите се применуваат на следниов начин:
  - Датумот на прифаќање на декларацијата за повторен извоз ќе се смета како датум на пуштање во слободен промет.
  - Увозните давачки ќе се применат за странска стока што била увезена со постапка за внатрешна обработка, но не и за додадената вредност која произлегува од внатрешната обработка.

## 4.3 Производи од морски-риболов

- Следната стока е ослободена од увозни давачки бидејќи се смета за домашна стока:

  - Производи од морски риболов, уловени од рибарски брод на Европската Унија надвор од територијалните води на трета земја.
  - Стока добиена од горенаведените производи, преработени на тој брод или брод-фабрика на Европската Унија.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*